**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 306/7**

**Скопје, 08. 04. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ТЕТОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Сметката за Наменски дотации (937) на Општина Тетово за 2006 година, кој е прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансискиот извештај на општина Тетово, Сметка за Наменски дотации (937) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Хазби Лика, Градоначалник на општина Тетово, во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 18.02.2008 до 19.02.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансискиот извештај за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилност во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.1.1. На крајот на 2006 година не се искажани краткорочни обврски за плати, даноци и придонеси од плати за месец декември 2006 година за вработените лица од Бригадата за противпожарна заштита на општина Тетово во износ од 726 илјади денари,.
Неевидентирањето на обврските за неисплатените плати е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Ваквиот начин на работа придонесува за нереално и необјективно искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.
**Препорака:**
Одделението за сметководство евиденцијата на обврските да ја врши согласно одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.1.1. финансискиот извештај ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за Наменски дотации (937) на општина Тетово на ден 31 Декември 2006 година, а резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за Наменски дотации (937) на општина Тетово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 02.04.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Општина Тетово Сметка за Наменска дотација (937)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| Трансфери и донации | 3.1 | 10,510 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **10,510** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 10,510 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,510** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **10,510** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*